**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**бр. 14-293/1**
**18.02.2026 год.**
**Гевгелија**

# И З В Е Ш Т А Ј
## за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2025 година

Согласно Законот за социјална заштита, Општина Гевгелија своите надлежности во оваа област ги реализира преку Годишна програма, насочена кон унапредување и подобрување на условите за живот на граѓаните и обезбедување навремена и соодведна поддршка за социјално-ранливите категории. Програмата за активностите во областа на социјалната заштита беше усвоена од Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2024 година со планиран буџет од **3.800.000,00 денари**.

**Преглед на активности и финансиска реализација**

| Ред. бр. | Опис на активност | Корисници | Реализација за период од 1.1.2025 до 31.12.2025 година |
|---|---|---|---|
| **1.** | Еднократна парична помош за новородено дете | - новородени деца чии родители се жители на Општина Гевгелија | 890.000,00 |
| **2.** | Еднократна парична помош за социјално - загрозени лица, жени и мажи во Општина Гевгелија | - лица невработени,<br>- лица приматели на гарантирана минимална помош,<br>- лица приматели на социјална пензија,<br>- лица без приходи,<br>- лица кои се во загрозена состојба поради лекување<br>- лица жртви на семејно насилство. | 2.212.000,00 |


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | Субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги | - лица приматели на гарантирана минимална помош,<br>- лица корисници на социјална пензија,<br>- лица со попреченост. | 128.529,00 |
| **4.** | Обезбедување новогодишни пакетчиња | - девојчиња и момчиња чии родители се приматели на ГМП,<br>- девојчиња и момчиња – штитеници на Дневните центри за лица со посебни потреби | 50.766,00 |
| **5.** | Еднократна парична помош за родители на деца со попреченост | - родители на деца со попреченост | 36.000,00 |
| **6.** | Обезбедување бесплатен превоз на лица со попреченост | - лица жени и мажи со попреченост, жители на Општина Гевгелија, како и нивни придружници | 161.850,00 |
| **7.** | Покривање на режиски трошоци и трошоци за сервисирање и регистрација на возило на Заедницата на инвалидски организации Гевгелија | - сите членови на Заедницата на инвалидски организации | 78.604,00 |
| **8.** | Превентивни активности, едукација и третирање на проблем во вербална комуникација | - деца кои имаат проблем со вербална комуникација и говорни оштетувања | 210.000,00 |
| Вкупно реализиран Буџет за 2025 година | | | **3.767.749,00 ден.** |

**1. Еднократна парична помош за новороденче**

Во текот на 2025 година беа поднесени 135 барања за еднократна парична помош за новороденче. Согласно изготвените Решенија во 2025 година, корисници на оваа мерка се 135 родители. Од вкупниот број на новородени деца, 58 се женски а 77 машки. Финансиската поддршка беше распределена согласно утврдените критериуми од Програмата и Правилникот и тоа:

- 58 првородени деца по 6.000,00 денари,
- 67 второродени деца по 6.000,00 денари,
- 8 треродени деца по 12.000,00 денари и
- 2 четвртородени деца по 12.000,00 денари.

Дополнително согласно Правилникот, беше доделена и парична помош за првото новородено дете во тековната година во износ од 20.000,00 денари. За реализација на оваа мерка се искористени 890.000,00 денари.

**2. Еднократна парична помош за социјално – загрозени лица, жени и мажи жители на општина Гевгелија**

За еднократна парична помош за жители во општина Гевгелија во 2025 година беа доставени 252 барања. Врз основа на извршената анализа на доставената документација, од страна на Комисијата за доделување еднократна парична помош, беа одобрени 228 барања и за истите беа изготвени Решенија за 130 жени и 98 мажи.

Најголем дел од барањата се однесуваа на финансиска поддршка за лекување, што ја потврдува потребата од континуирана институционална грижа во делот на здравствената заштита. За оваа активност беа исплатени вкупно 2.212.000,00 денари, распределени по следните основи:

- лекување 152 корисници, 88 се жени и 64 мажи – 1.972.000 денари,
- невработени лица 30 корисници, 11 жени и 19 мажи – 90.000 денари,
- гарантирана минимална помош, 20 корисници, 10 жени и 10 мажи – 60.000 денари,
- жртви на семејно насилство 8 корисници, 8 жени – 48.000 денари,
- корисници на социјална пензија 5, од нив 4 се жени и 1 маж – 15.000 денари,
- лица во состојба на социјална и материјална загрозеност 7 корисници, 3 се жени и 4 мажи – 27.000 денари.

**3. Субвенциронирање на потрошувачката на основните комунални услуги**

Општина Гевгелија обезбеди субвенционирање на трошоците за вода за 30 корисници на гарантирана минимална помош и социјална пензија од кои 14 се жени и 16 мажи, при што вкупно беа исплатени 128.529 денари.

**4. Обезбедување новогодишни пакетчиња за девојчиња и момчиња – деца чии родители се корисници на гарантирана минимална помош и лица кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби и Дневниот центар „Мајка Тереза“**

Во пресрет на новогодишните празници, беа обезбедени пакетчиња за 48 деца од семејства на корисници на гарантирана минимална помош, од кои 21 женско и 27 машки и за 12 лица корисници на Дневниот центар за лица со попреченост од кои 10 се машки и 2 женски. Дополнително, за корисниците на Центарот „Мајка Тереза“ беше обезбеден училишен прибор. За оваа активност беа издвоени 50.766 денари.

**5. Еднократна парична помош за родители на деца со попреченост**

Општина Гевгелија согласно Програмата доделува парични средства ина родители на деца со попреченост.

Во 2025 година, оваа мерка ја користеле 6 родители (жени) и за оваа активност од Буџетот на Општината се реализирани 36.000 денари.

**6. Обезбедување бесплатен превоз за лица со попреченост**

Оваа мерка која ги опфаќа штитениците на Дневниот центар за лица со посебни потреби како и сите други лица- жени и мажи со попреченост и нивните придружници. Општина Гевгелија обезбедува организиран превоз за лица со посебни потреби и за реализација на оваа активност од Буџетот на Општина Гевгелија беа издвоени и релаизирани средства во износ од 161.850,00 денари.

**7. Покривање на режиски трошоци на Заедницата на инвалидски организации Гевгелија**

Општината ги субвенционираше режиските трошоци на Заедницата на инвалидските огранизаиции, врз основа на доставени фактури од Заедницата и за тоа од Буџетот на општината беа издвоени и реализирани 78.604 денари.

**8. Превентивни активности, едукација и третирање на проблеми во вербалната комуникација**

Во соработка со ЈУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“ – Гевгелија, и во 2025 година се продолжи со бесплатната логопедска поддршка за деца. Мерката ја користеле 11 деца, од кои 8 момчиња и 3 девојчиња, преку групна и индивидуална терапија. За оваа намена беа реализирани 210.000 денари.

Од вкупно планираниот буџет од 3.800.000,00 денари, во текот на 2025 година беа реализирани 3.767.233,00 денари, што укажува на целосна и ефикасна имплементација на програмските активности со проширен опфат и зголемен интензитет на поддршка.

* Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2025 година е усвоен од Советот на Општина Гевгелија со Заклучок бр. 09-400/1 од 27.02.2026 г.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk